Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-85/3
24.03.2023 година

Постапувајќи по предметот 08-200 од 01.04.2022 поведен по службена должност од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација против Министерството за образование и наука и Управата за извршување на санкциите, за сторена дискриминација кон децата кои се на издржување воспитно-поправна мерка од ВПД Тетово во пристап до задолжително образование врз основа на нивниот личен статус и сегрегација на женските деца кои се на издржување воспитно-поправна мерка во ВПД Тетово врз основа на нивниот пол, Комисијата, врз основа на член 21, став 1 точки 14 и 15 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 23.03.2023 го донесе следново

**М И С Л Е Њ Е**

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ПРОДОЛЖЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** во пристап до задолжително образование врз основа на личен статус кон децата кои се на издржување воспитно-поправна мерка во ВПД Тетово, сторена од страна на Министерството за образование и наука.

**НЕ СЕ УТВРДУВА СЕГРЕГАЦИЈА** во издржувањето на воспитно-поправната мерка на женските деца кои се на издржување воспитно-поправна мерка во ВПД Тетово врз основа на нивниот пол од страна на Управата за извршување на санкции.

О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во март 2022 забележа повеќе истражувачки стории[1] на Медиумската информативна агенција (МИА) за потенцијална дискриминација врз децата кои се на издржување воспитно-поправна мерка во ВПД Тетово. Имено, согласно наодите од споменатите истражувачки стории станува збор за два вида на дискриминација:

- Дискриминација на сите деца кои се на издржување воспитно-поправна мерка во пристап до задолжително образование врз основа на нивниот личен статус.
- Сегрегација врз основа на пол на женските кои се на издржување воспитно-поправна мерка од Воспитно-поправниот дом Тетово, кои мерката упатување во воспитно-поправен дом ја издржуваат во импровизирана просторија во ходник на КПУ КПД Идризово.

[1] *"Децата упатени во воспитно-поправен дом лишени од задолжително образование"*, објавена на 03.03.2022 на веб страната на Медиумската информативна агенција.
*"Образованието на децата во воспитно-поправен дом бара системско решение"*, објавена на 08.03.2022 на веб страната на Медиумската информативна агенција.

Имајќи предвид дека информациите од споменатите истражувачки стории прават веројатно дека со потенцијална дискриминација се соочуваат поголем број лица, како и фактот дека станува збор за ранлива категорија на лица – деца кои се на издржување воспитно-поправна мерка, Комисијата, согласно член 21, ст. 1, алинеја 15 од Законот за спречување и заштита од дискриминација одлучи по службена должност да поведе постапка за заштита од дискриминација против Министерството за образование и наука и Управата за извршување санкциите за потенцијално сторена дискриминација на децата кои се на издржување воспитно-поправна мерка од ВПД Тетово во пристап до задолжително образование врз основа на нивниот личен статус и сегрегација на женските деца кои се на издржување воспитно-поправна мерка во ВПД Тетово врз основа на нивниот пол.

На 01.04.2022, Комисијата, согласно чл. 21, ст. 1, алинеја 15, чл. 24, ст. 7 и чл. 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до Министерството за образование и наука и Управата за извршување на санкциите достави Известување за поведување постапка по службена должност со барање за произнесување, најдоцна во рок од 15 дена од приемот на известувањето.

На 11.05.2022 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено произнесување од Управата за извршување на санкциите. Во писменото произнесување Управата вели дека согласно чл. 173 став 3 од Законот за извршување на санкциите, Министерството за образование и наука на предлог на Управата го организира и финансира образованието на осудените лица. Од тие причини, а согласно чл. 8 од Правилникот за начинот на избор на основно училиште, поблиските критериуми и начинот на организирање на наставата во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, како и во домашни услови, Управата за извршување, на 15.09.2021 се обратила со допис до Министерството за образование и наука со списоци за вклучување на осудените лица од воспитно-поправните и казнено-поправните установи во образовниот процес. Управата информира дека до крајот на првото полугодие на учебната 2021/22 не добила никаков одговор по дописот од Министерството за образование и наука.

Согласно тврдењата на Управата, на 16.02.2022 е пратена ургенција за споменатиот допис за отпочнување на образовниот процес по воспитно-поправните и казнено-поправните установи. По оваа ургенција Управата не добила никаков одговор. Понатаму, на 24.03.2022 до МОН доставено е барање за номинирање лице со цел воспоставување системско решение за основно образование во КПУ и ВПУ, но до моментот на доставувањето на произнесувањето Управата не добила никаков одговор по дописот, ниту пак е остварена средба на работната група.

Во однос на сместувањето на женските деца кои се на издржување воспитно-поправна мерка во рамките на женското одделение на КПД Идризово, Управата напоменува дека е извршена адаптација за нивниот престој, со приспособување на нов дел од женското одделение, кој е реновиран при што децата се целосно одвоени од полнолетните осудени женски лица, односно истите немаат можност да контактираат со нив за време на престојот или прошетките на свеж воздух.

Воедно, Управата напоменува дека не е возможно преместување на женските деца кои се на издржување воспитно-поправна мерка во ВПД Тетово бидејќи за истото нема законска можност. Согласно чл. 34, ст. 4 од Законот за извршување на санкциите единствен воспитно-поправен дом за женски лица е воспитно-поправен дом за женски лица во КПД Идризово. Освен законската пречка, Управата известува дека објектите во ВПД Тетово не се просторно адаптирани за да бидат одвоени машките од женските деца кои се на издржување воспитно-поправна мерка, а нема ниту вработен женски персонал во затворската полиција кој би се грижел за истите.

Имајќи предвид дека постапката по службена должност беше иницирана пред завршувањето на учебната година, а воедно и произнесувањето од Управата за извршување на санкции беше доставено на самиот крај на учебната година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 16.01.2023 достави уште едно барање до Управата за извршување на санкциите, во кое побара информации дали е надминат проблемот во пристапот до задолжително образование на децата кои се на издржување воспитно-поправна мерка од ВПД Тетово во учебната 2022/23 и дали за истото е најдено системско, одржливо и долгорочно решение.

На 27.02.2023 до Комисијата беше доставено известување од Управата за извршување на санкциите во кое се информира дека со поддршка на МОН и УНДП во ВПД Тетово од 03.12.2022 започнало реализирање на основно образование во кое биле вклучени вкупно 14 деца, но со завршување на 2022 година истото од технички причини е во прекин, односно истото траело само 1 месец.

Управата на 31.01.2023 организирала состанок со претставници на МОН и УНДП за договарање активности со цел продолжување на образованиeто на децата кои се на издржување воспитно-поправна мерка од ВПД Тетово во текот на 2023 година и наоѓање на системско решение за организирање на основното и стручното образование на осудените лица.

Министерството за образование и наука, до носењето на ова мислење, не се произнесе по добиеното известување од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за покренатата постапка по службена должност.

По разгледувањето на добиените истражувачки стории, добиените информации од поднесоците за произнесување од Управата за извршување на санкциите и анализа на релевантната легислатива, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следнава фактичка состојба:

Децата кои се на издржување воспитно-поправна мерка од ВПД Тетово немаат пристап до задолжително образование.

Согласно чл. 173, ст. 3 од Законот за извршување на санкциите Министерството за образование и наука на предлог на Управата го организира и финансира образованието на осудените лица. Од наводите од поднесоците за произнесување и доставените

информации од Управата за извршување на санкциите евидентно е дека Управата ги презела сите активности во рамките на своите законски надлежности за организирање на задолжително образование во ВПД Тетово, испраќајќи списоци за вклучување на децата и на осудените лица од воспитно-поправните и казнено-поправните установи во образовниот процес во учебната 2021/22 година, како и ургенција за истото во учебната 2022/23 година. Дополнително, Управата вложила напори и преку привремени решенија во соработка со УНДП да овозможи пристап до задолжително образование на децата кои се на издржување воспитно-поправна мерка од ВПД Тетово. Следствено на тоа, Комисијата цениeше дека во овој случај Управата за извршување на санкциите не може да се јави како вршител на дискриминација во пристап до задолжително образование врз основа на личен статус кон децата кои се на издржување воспитно-поправна мерка во ВПД Тетово.

Од друга страна, Министерството за образование и наука со непостапувањето по предлозите на Управата за извршување на санкциите и пасивноста во процесот на наоѓање на системско и одржливо решение за организирање и финансирање на образованието на децата кои се на издржување воспитно-поправна мерка во ВПД Тетово, сторило директна продолжена дискриминација во пристап до задолжително образование, врз основа на личен статус врз децата кои се на издржување воспитно-поправна мерка во ВПД Тетово.

Правото на образование е уставно загарантирано право. Членот 44 од **Уставот** на Р.С. Македонија пропишува дека секој има право на образование. Образованието е достапно за сите под еднакви услови. Основното образование е задолжително и бесплатно.

Согласно член 3 од **Законот за средно образование**, средното образование е задолжително за секој граѓанин, под еднакви услови утврдени со овој закон.

Согласно чл. 173 од **Законот за извршување на санкции** во установите се организира образование како дел на општиот систем на образование и воспитување. Образованието на осудените лица може да се организира во самата установа или во местото на седиштето на установата. Министерството за образование и наука на предлог на Управата го организира и финансира образованието на осудените лица.

Согласно член 2, став 1 од **Конвенцијата за правата на детето на ООН,** чиј потписник е и Р.С. Македонија, државите членки на Конвенцијата се обврзуваат да ги почитуваат и да ги обезбедуваат правата на секое дете содржани во Конвенцијата под нивна јурисдикција без било каква дискриминација и без оглед на раса, боја на кожа, пол, јазик, вероисповед, политичко или друго убедување, национални, етничко или социјално потекло, имотна состојба, попреченост, раѓање или друг статус на детето. Член 28 од истата Конвенција пропишува дека државите членки на Конвенцијата го признаваат правото на образование на секое дете.

Согласно **Законот за спречување и заштита од дискриминација**, чинот на дискриминација може да биде направен со несторување, односно пропуштање нешто да се стори, засновано на дискриминаторска основа, што ќе резултира со исклучување во уживањето или остварувањето на одредени права на одредено лице или група лица во споредба со други.

Член 6, ст. 1 од овој закон ја дефинира дискриминацијата како *секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.*

Член 8, ст. 1 од овој закон пропишува дека *директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.*

Член 13 од истиот закон ги дефинира потешките облици на дискриминација, меѓу кои е содржана и продолжената дискриминација, која се дефинира како *дискриминација што е вршена врз едно лице или група непрекинато, во подолг временски период.*

Од друга страна, Комисијата ценеше дека сместувањето во ВПД во КПД Идризово на женските деца кои се упатени на издржување воспитно-поправна мерка во ВПД Тетово не претставува сегрегација врз основа на нивниот пол. Имено, согласно законската дефиниција за сегрегација од чл. 12 од Законот за спречување и заштита од дискриминација сегрегација е *физичко одделување на лице или група лица врз дискриминаторска основа без легитимна или објективно оправдана цел.* Согласно ваквата дефиниција за да постои сегрегација треба да постои кумулативно исполнување на два услови – физичко одделување на лице или група лица врз дискриминаторска основа и немање легитимна или објективно оправдана цел за таквото одделување. Без кумулативно постоење на еден од овие два услови не може да постои сегрегација.

Во конкретниот случај, Комисијата ценеше дека за одделувањето на женските деца кои се упатени на издржување воспитно-поправна мерка во ВПД Тетово во КПД Идризово постои легитимна, односно објективно оправдана цел. Објективната оправданоста за одделување во овој случај Комисијата најпрво ја гледа во природата на самата воспитно-поправна мерка, која бара физичка одделеност на машките и женските деца кои се упатени на издржување воспитно-поправна мерка. Објективната оправданост се црпи и од чл. 34, ст. 4 од Законот за извршување на санкциите, кој пропишува дека единствена воспитно-поправна установа за женски лица е воспитно-поправниот дом во казнено-поправниот дом Идризово. Дополнително, во насока на имањето легитимна односно објективно оправдана цел, е и имањето на исти услови за издржување на воспитно-поправната мерка во ВПД во КПД Идризово на женските деца, во смисла на сместувачки капацитети и одвоеност од полнолетните осудени лица, како и машките деца кои се упатени на издржување воспитно-поправна мерка во ВПД Тетово.

Следствено на наведеното, одлучувајќи како во диспозитивот на ова мислење, а во согласност со членот 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, со цел отстранување на утврдената повреда и можните последици од истата, Комисијата ја дава следната

# ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Министерството за образование и наука во соработка со Управата за извршување на санкциите да подготви акциски план за организирање и финансирање на образованието и вклучување во образовен процес на сите деца кои се упатени на издржување воспитно-поправна мерка во ВПД Тетово во учебната 2023/24, **најдоцна во рок од 60 дена од приемот на ова мислење и за истото писмено да ја извести Комисијата.**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Министерството за образование и наука во соработка со Управата за извршување на санкциите да најде системско, одржливо и континуирано решение за организирање и финансирање на образовниот процес на сите деца кои се упатени на издржување воспитно-поправна мерка во ВПД Тетово, **најдоцна во рок од 5 месеци од приемот на ова мислење и за истото писмено да ја извести Комисијата.**

НАПОМЕНА: Комисијата го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација, сè до нивното исполнување. Доколку субјектите кон кои е упатена Препораката не постапат по истата, Комисијата има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Скопје
23.03.2023

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
- Министерство за образование и наука, бул. Св. Кирил и Методиј бр. 54, 1000 Скопје
- Управа за извршување санкции, ул. Димитрија Чуповски бр. 9, 1000 Скопје